Врз основа на член 90 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“бр.98/2008), а по претходно барање на Советот на судска служба, претседателот на Управниот суд донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за внатрешна организација на Управниот суд**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат прашањата на внатрешната организација на работните места во Управниот суд во зависност од надлежноста утврдена со закон, групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста и нивната меѓусебна сродност и поврзаност.

### Член 2

Со внатрешната организација утврдена со овој Правилник се обезбедува: законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите, независност и одговорност при вршењето на работите и задачите.

### Член 3

Вршењето на работите на судските службеници во Управниот суд се организира и врши преку раководни судски службеници, стручни судски службеници, административно – технички судски службеници, во оддели и одделенија на следниот начин:

**I – ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, КАТАСТАР И ОБРАЗОВАНИЕ, во рамки на специјализиран судски оддел за имотно – правна област, катастар и образование**

**II – ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ДЕЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И ТРАНСФОРМАЦИЈА, во рамки на специјализиран судски оддел за денационализација, експропријација, деекспропријација и трансформација**

**III – ОДДЕЛЕНИЕ УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО, ВОДОСТОПАНСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО, СТОПАНСТВО, СООБРАЌАЈ И ВРСКИ, ИГРИ НА СРЕЌА И РАДИОДИФУЗИЈА, во рамки на специјализираниот судски оддел за урбанизам и градежништво, водостопанство, земјоделство, стопанство, сообраќај и врски, игри на среќа и радиодифузија**

**IV – ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЕНЗИИ И ДРУГИ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВО ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПРАВО ПО ОСНОВ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНО – САНИТАРЕН**

**НАДЗОР И КОНТРОЛА, НАДЗОРНИ МЕРКИ НА ИНСПЕКТОРОТ НА ТРУДОТ, во рамки на специјализираниот судски оддел за пензии и други права од пензиско и инвалидско осигурување, право по основ на социјална заштита, право по основ на здравствено осигурување, права од здравствено – санитарен надзор и контрола, надзорни мерки на инспекторот на трудот**

**V – ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПРАВА ПО ОСНОВ НА НЕВРАБОТЕНОСТ, ЈАВНИ ДАВАЧКИ, ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, РАБОТНИ ОДНОСИ, АКЦИЗИ, РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ, АДВОКАТИ, ЕКОНОМИЈА, КОНКУРЕНЦИЈА, ЦЕНРАЛЕН РЕГИСТАР, ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ - ЈАВЕН КАРАКТЕР, во рамки на специјализираниот судски оддел за јавни набавки, права по основ на невработеност, јавни давачки, даноци, придонеси, работни односи, акцизи, разрешување од должност, адвокати, економија, конкуренција, централен регистар, пристап до информации – јавен карактер**

**VI – ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЦАРИНИ, ТАКСИ, НАДОМЕСТОЦИ, СТАТУСНИ ПРАШАЊА, ПАТНИ ИСПРАВИ, ВОЗИЛА, ОРУЖЈЕ, ПРАВА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ И АВТОРСКИ ПРАВА, ЖИГ, БАНКАРСКИ РАБОТИ, КОНЦЕСИИ, ОДБРАНА, ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ, ЕНЕРГЕТИКА, ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ, во рамки на специјализираниот судски оддел за царини, такси, надоместоци, статусни прашања, патни исправи, возила, оружје, права од индустриска сопственост и авторски права, жиг, банкарски работи, концесии, одбрана, деловен субјект, енергетика, заштита на споменици**

**VII. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА**

**VIII. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ**

**IX. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА**

**X. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ**

**XI. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

**I - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, КАТАСТАР И ОБРАЗОВАНИЕ, во рамки на специјализираниот судски оддел за имотно – правна област, катастар и образование:**

- се извршуваат стручно – правните работи за управни спорови што опфаќа подготовка на реферати од управната област (имотно – правна област, катастар и образование) и нацрт – начелни ставови и начелни правни мислења од овие области, се изготвуваат анализи, информации и прегледи за одделни правни прашања од овие области, заради воедначување на судската практика и обезбедување единствено становиште во примена на законите, работа по конкретни предмети со изготвување на нацрт – одлуки и проучување на одлуките на советите во судот, особено од аспект на евенутални разлики во ставовите по исти правни прашања, изготвување на извештаи за годишната работа на советите и други работи по овластување на претседателот на судот, претседателот на Одделот и овластувањата на судскиот администратор.

**II - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ДЕЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И ТРАНСФОРМАЦИЈА во рамки на специјализираниот**

**судски оддел за денационализација, експропријација, деекспропријација и трансформација:**

- се извршуваат стручно – правните работи за управните спорови, што опфаќа подготовка на референти од управната област (денационализација, експропријација, деекспропријација и трансформација) и нацрт – начелни ставови и начелни правни мислења од овие области, се изготвуваат анализи, информации и прегледи за одделни правни прашања од овие области, заради воедначување на судската практика и обезбедување единствено становиште во примена на законите, работа по конкретни предмети со изготвување на нацрт – одлуки и проучување на одлуките на советите во судот, особено од аспект на евенутални разлики во ставовите по исти правни прашања, изготвување на извештаи за годишната работа на советите и други работи по овластување на претседателот на судот, претседателот на Одделот и овластувањата на судскиот администратор.

**III - ОДДЕЛЕНИЕ УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО, ВОДОСТОПАНСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО, СТОПАНСТВО, СООБРАЌАЈ И ВРСКИ, ИГРИ НА СРЕЌА И РАДИОДИФУЗИЈА во рамки на специјализираниот судски оддел за урбанизам и градежништво, водостопанство, земјоделство, стопанство, сообраќај и врски, игри на среќа и радиодифуција:**

- се извршуваат стручно – правните работи за управни спорови што опфаќа подготовка на реферати од управната област (урбанизам и градежништво, водостопанство, земјоделство, стопанство, сообраќај и врски, игри на среќа и радиодифузија) и нацрт – начелни ставови и начелни правни мислења од овие области, се изготвуваат анализи, информации и прегледи за одделни правни прашања од овие области, заради воедначување на судската практика и обезбедување единствено становиште во примена на законите, работа по конкретни предмети со изготвување на нацрт – одлуки и проучување на одлуките на советите во судот, особено од аспект на евенутални разлики во ставовите по исти правни прашања, изготвување на извештаи за годишната работа на советите и други работи по овластување на претседателот на судот, претседателот на Одделот и овластувањата на судскиот администратор.

**IV - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЕНЗИИ И ДРУГИ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВО ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПРАВО ПО ОСНОВ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНО – САНИТАРЕН НАДЗОР И КОНТРОЛА, НАДЗОРНИ МЕРКИ НА ИНСПЕКТОРОТ НА ТРУДОТ, во рамки на специјализираниот судски оддел за пензии и други права од пензиско и инвалидско осигурување, право по основ на социјална заштита, право по основ на здравствено осигурување, права од здравствено – санитарен надзор и контрола, надзорни мерки на инспекторот на трудот:**

- се извршуваат стручно – правните работи за управни спорови што опфаќа подготовка на реферати од управната област (пензии и други права од пензиско и инвалидско осигурување, право по основ на социјална заштита, право по основ на здравствено осигурување, права од здравствено – санитарен надзор и контрола, надзорни мерки на инспекторот на трудот) и нацрт – начелни ставови и начелни правни мислења од овие области, се изготвуваат анализи, информации и прегледи за одделни правни прашања од овие области, заради воедначување на судската практика и обезбедување единствено становиште во примена на законите, работа по конкретни предмети со изготвување на нацрт – одлуки и проучување на одлуките на советите во судот, особено од аспект на евенутални разлики во ставовите по исти правни прашања, изготвување на извештаи за

годишната работа на советите и други работи по овластување на претседателот на судот, претседателот на Одделот и овластувањата на судскиот администратор.

**V - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПРАВА ПО ОСНОВ НА НЕВРАБОТЕНОСТ, ЈАВНИ ДАВАЧКИ, ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, РАБОТНИ ОДНОСИ, АКЦИЗИ, РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ, АДВОКАТИ, ЕКОНОМИЈА, КОНКУРЕНЦИЈА, ЦЕНРАЛЕН РЕГИСТАР, ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ - ЈАВЕН КАРАКТЕР, во рамки на специјализираниот судски оддел за јавни набавки, права по основ на невработеност, јавни давачки, даноци, придонеси, работни односи, акцизи, разрешување од должност, адвокати, економија, конкуренција, централен регистар, пристап до информации – јавен карактер:**

- се извршуваат стручно – правните работи за управни спорови што опфаќа подготовка на реферати од управната област (јавни набавки, права по основ на невработеност, јавни давачки, даноци, придонеси, работни односи, акцизи, разрешување од должност, адвокати, економија, конкуренција, централен регистар, пристап до информации – јавен карактер) и нацрт – начелни ставови и начелни правни мислења од овие области, се изготвуваат анализи, информации и прегледи за одделни правни прашања од овие области, заради воедначување на судската практика и обезбедување единствено становиште во примена на законите, работа по конкретни предмети со изготвување на нацрт – одлуки и проучување на одлуките на советите во судот, особено од аспект на евенуталниразлики во ставовите по исти правни прашања, изготвување на извештаи за годишната работа на советите и други работи по овластување на претседателот на судот, претседателот на Одделот и овластувањата на судскиот администратор.

**VI - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЦАРИНИ, ТАКСИ, НАДОМЕСТОЦИ, СТАТУСНИ ПРАШАЊА, ПАТНИ ИСПРАВИ, ВОЗИЛА, ОРУЖЈЕ, ПРАВА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ И АВТОРСКИ ПРАВА, ЖИГ, БАНКАРСКИ РАБОТИ, КОНЦЕСИИ, ОДБРАНА, ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ, ЕНЕРГЕТИКА, ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ, во рамки на специјализираниот судски оддел за царини, такси, надоместоци, статусни прашања, патни исправи, возила, оружје, права од индустриска сопственост и авторски права, жиг, банкарски работи, концесии, одбрана, деловен субјект, енергетика, заштита на споеменици:**

- се извршуваат стручно – правните работи за управни спорови што опфаќа подготовка на реферати од управната област (царини, такси, надоместоци, статусни прашања, патни исправи, возила, оружје, права од индустриска сопственост и авторски права, жиг, банкарски работи, концесии, одбрана, деловен субјект, енергетика, заштита на споменици) и нацрт – начелни ставови и начелни правни мислења од овие области, се изготвуваат анализи, информации и прегледи за одделни правни прашања од овие области, заради воедначување на судската практика и обезбедување единствено становиште во примена на законите, работа по конкретни предмети со изготвување на нацрт – одлуки и проучување на одлуките на советите во судот, особено од аспект на евенуталниразлики во ставовите по исти правни прашања, изготвување на извештаи за годишната работа на советите и други работи по овластување на претседателот на судот, претседателот на Одделот и овластувањата на судскиот администратор.

**VII. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА:**

- се вршат работи со кои се усогласува работата на сите судски оддели во извршување на задачите што се однесуваат на проучување и евиденција на судската практика, се средуваат и финализираат сентенците, се преземаат активности за издавање Збирка на

судски одлуки и се организира постапката за едукација на судиите и судските службеници во Управниот суд.

**VIII. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ:**

**-** се вршат работите во врска со претставките и предлозите доставени во судот

**IX. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА:**

- се вршат работите што се однесуваат на подготвување на ИТ стратегија за судот, развој на информацискиот систем кој обезбедува подобрен и транспарентен сервис на граѓаните, работа со официјалните лица на судовите за да се идентифицираат процесите што можат да се подобрат со воведување нова технологија, надгледување на набавката и развојот на нови апликациски системи, надгледување на компјутерските операции на судот, надгледување на мрежата на системот, обезбедување техничка поддршка и обука за компјутерските операции и одржување на локалната мрежа во соработка со крајните корисници, обезбедување поддршка на апликацијата и обуката таму каде што е потребно, развивање план за одржување, безбедност и заштитен план за опоравување во критични ситуации во целокупниот информациски систем, раководење со целокупната комуникација помеѓу судот и надворешните ентитети и одржување на помошните регистри, обезбедување техничка поддршка на сите крајни корисници за користење на новата технологија и друго.

**X. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ:**

- се вршат финансиско – материјалните работи во Управниот суд.

**XI. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ:**

- се вршат работи од гледна точка на остварување на правата и обврските на вработените во Управниот суд, од областа на работните односи.

**Член 4**

Во Управниот суд се организира:

**СУДСКА ПОЛИЦИЈА:**

Судската полиција ги обезбедува објектите, имотот и лицата и го одржува редот во судскиот простор.

**Член 5**

Во Управниот суд се формира:

**ТЕХНИЧКА СЛУЖБА:**

Во техничката служба се вршат работи во врска со набавките, одржувањето на електричната, водоводната и канализационата мрежа, системот за греење и ладење, како и други технички работи за одржување и функционирање на судскиот објект, работи во судското бифе и работи за правилно функционирање и одржување на телефонската централа и судските возила.

Во оваа служба се распоредуваат лицата вработени во судот кои вршат технички и помошни работи, немаат статус на судски службеници и за нив важат општите прописи за работните односи, а претставуваат составен дел на судската служба.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на судот, а по добиена согласност од Советот на судска служба.

**Претседател на Управниот суд**
**Розалиа Кочковска**